**20230651294**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 128 став (1) алинеја 3 од Законот за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 294/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НОСЕЊЕТО, ВРЕМЕТО НА ТРАЕЊЕ И РАСПРЕДЕЛБАТА НА УНИФОРМАТА И ОЗНАКИТЕ НА УНИФОРМАТА НА ПОЛИЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 169/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 270/19, 69/21 и 15/23), членот 6 се менува и гласи:

„Ознаките на основната униформа, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од општа надлежност, заштита на определени личности и објекти и полициските службеници во организациските единици со седиште во МВР.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, ознаките на основната униформа, амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблем во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од општа надлежност, заштита на определени личности и објекти и полициските службеници во организациските единици со седиште во МВР.

Амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници во организациските единици кои извршуваат работни задачи од областа на сообраќајот.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, натписот „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” „TRAFFIC POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници во организациските единици кои извршуваат работни задачи од областа на сообраќајот.

Амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“„ натписот „ПОЛИЦИЈА“ „ POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на граничните работи.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемот „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” „BORDER POLICE“„ натписот „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, амблемот во форма на штит со намалени димензии и металната ознака за шапка ги носат полициските службеници кои извршуваат работни задачи од областа на граничните работи.

Амблемите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“, и „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“ се носат на левиот ракав, натписите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“и „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“ се носат на десниот ракав на составните делови на основната униформа, амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „БК“, теренската капа и капата „ЕУ“, а металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката.

Во градот Скопје, во општините во градот Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, амблемите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“и „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE” „BORDER POLICE“ се носат на левиот ракав, натписите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA” „POLICE“, и „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT” „TRAFFIC POLICE“ се носат на десниот ракав на составните делови на основната униформа, амблемот во форма на штит со намалени димензии се носи на предниот дел на капата „БК“, теренската капа и капата „ЕУ“, а металната ознака за шапка се носи на предниот дел од шапката.“

Член 2

Во член 10 во ставовите 1, 2 и 3 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Во ставот 5 зборовите „NJËSITI POLICOR PËR INTERVENIM“ се заменуваат со зборовите „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“, а зборовите „NJISIA POLICORE E POLICISË INTERVENTE“ се заменуваат со зборовите „NJËSIA POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“.

Во ставот 8 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“.

Во ставот 9 зборовите „СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „MAQEDONIA E VERIUT“ се заменуваат со зборовите „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ „REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“.

Член 3

Во член 16 во ставот 1 зборот „ПОЛИЦИЈА“ се заменува со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“.

Во ставот 2 зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" се заменуваат со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" „POLICE“.

Во ставот 3 зборот „ПОЛИЦИЈА“ се заменува со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“.

Во ставот 4 зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" се заменуваат со зборовите „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA" „POLICE“.

Член 4

Членот 44 се менува и гласи:

„Времето на траење, ваучер бодовите, годишниот лимит на нарачка и враќањето согласно ваучер системот на ознаките на основната униформа изнесува:

| ОЗНАКИ НА ОСНОВНАТА УНИФОРМА | Време на траење | Ваучер бодови | Годишен лимит на нарачка | Враќање |
|---|---|---|---|---|
| 1. натпис „ПОЛИЦИЈА“„POLICE“ | / | 1 | 3 | не |
| 2. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „TRAFFIC POLICE“ | / | 1 | 3 | не |
| 3. амблем „ПОЛИЦИЈА“„POLICE“ | / | 1,5 | 3 | не |
| 4. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „BORDER POLICE“ | / | 1 | 3 | не |
| 5. натпис „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ „POLICE“ | / | 1 | 3 | не |
| 6. натпис „СООБРАЌАЈНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA E TRAFIKUT“ „TRAFFIC POLICE“ | / | 1 | 3 | не |
| 7. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ „POLICE“ | / | 1,5 | 3 | не |
| 8. амблем „ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA KUFITARE“ „BORDER POLICE“ | / | 1 | 3 | не |
| 9. амблем во форма на штит со намалени димензии | / | 1,5 | 3 | не |
| 10. метална ознака за шапка | / | 2,5 | 1 | не |

“

Член 5

Членот 56 се менува и гласи:

„Времето на траење, бројот на парчиња и враќањето согласно времето на траење на ознаките на униформата за извршување на посебни и специјални задачи изнесува:

| ОЗНАКИ НА УНИФОРМА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПОСЕБНИ И СПЕЦИЈАЛНИ ЗАДАЧИ | Време на траење | Број на парчиња | Враќање |
|---|---|---|---|
| 1. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICE“ | 36 месеци | 6 | не |
| 2. амблем „ СПЕЦИЈАЛНА АНТИТЕРОРИСТИЧКА ЕДИНИЦА - ТИГАР“ | 36 месеци | 6 | не |
| 3. амблем „ЕДИНИЦА ЗА БРЗО РАСПОРЕДУВАЊЕ“ | 36 месеци | 6 | не |
| 4. амблем „ПОСЕБНА ЕДИНИЦА ЗА ПОДДРШКА“ | 36 месеци | 6 | не |
| 5. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 6 | не |
| 6. амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ | 36 месеци | 6 | не |
| 7. амблем „МОБИЛНА ЕДИНИЦА ЗА КОМПЕНЗАТОРНИ МЕРКИ“ | 36 месеци | 6 | не |
| 8. амблем „ЕДИНИЦА ЗА СЛУЖБЕНИ КУЧИЊА“ | 36 месеци | 6 | не |
| 9. амблем „ПОЛИЦИЈА“ „POLICIA“ „POLICE“ | 36 месеци | 6 | не |
| 10. амблем „ЕДИНИЦА ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSITI I POLICISË INTERVENUESE“ | 36 месеци | 6 | не |
| 11. амблем „ПОЛИЦИСКО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРВЕНТНА ПОЛИЦИЈА“ „NJËSIA<br>12. POLICORE E POLICISË INTERVENUESE“ | 36 месеци | 6 | не |
| 12. амблем во форма на круг со намалени димензии за Специјална антитерористичка единица - Тигар | 36 месеци | 6 | не |
| 13. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за брзо распоредување | 36 месеци | 6 | не |
| 14. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единицата за интервентна полиција | 36 месеци | 6 | не |
| 15. амблем во форма на круг со намалени димензии за Единица за службени кучиња | 36 месеци | 6 | не |
| 16. амблем во форма на штит со намалени димензии | 36 месеци | 6 | не |
| 17. натпис за идентификација | 36 месеци | 6 | не |
| 18. натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ | 36 месеци | 6 | не |
| 19. натпис „РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“„REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT“. | 36 месеци | 6 | не |
| 20. правоаголен амблем со натпис за специјалност, оперативна и крвна група | 36 месеци | 6 | не |
| 21. метален амблем во форма на круг со намалени димензии | 36 месеци | 1 | не |

“

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на Полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 67/22).

Бр. 13.1.1-31806/1
22 март 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски,** с.р.